USAID | MACEDONIA
FROM THE AMERICAN PEOPLE

***Да се издаде веднаш***
21 март, 2006
Cell phone: +389 (0)70 323-807
Email: talbor@usaid.gov
www.usaid.org.mk

# Соопштение за печат

## САД и помага на Македонија за заштита на правото на приватност при користење на информатичка технологија

21 март, 2006: Правото на приватност е едно од основните човекови права. Секој човек има право на фер третман во начинот на прибирање и користење на своите лични податоци, вклучувајќи ги и личните податоци во рацете на јавните институции и приватните бизниси. Претставник од Центарот за демократија и технологија, лоциран во Вашингтон ДЦ, е во Скопје оваа недела со цел да оддржи работилници за практичните начини за подобрување на приватноста при користење на информатичка технологија. Работилниците се финансирани од страна на Агенцијата за меѓународен развој на САД (УСАИД), дел од мисијата на САД за Република Македонија.

"Во ерата на информации, личните податоци стануваат високо ценет производ, кој се собира, акумулира, дели, а понекогаш и продава на начини кои претходно не можеле ниту да се замислат" рече Џејмс Демпси, Центар за демократија и технологија. "Со започнувањето на извршување на услугите на електронски начин, јавните институции веднаш ќе се соочат со зголемениот ризикот од компромитирање и злоупотреба. Но, истовремено, зголемената употреба на информатичка технологија не мора да значи и помалку приватност. Технологијата може да се дизајнира на начин со кој ќе се зголемува приватноста".

Во Македонија јавните институции започнаа со користење на Интернетот при давањето на услуги и информации. Граѓаните веќе имаат можност да ги почувствуваат предностите на системот за електронско поднесување на апликации за вработување на државни службеници, имплементиран од Агенцијата за државни службеници со помош на проектот за е-Влада финансиран од страна на УСАИД. Проектот за е-Влада исто така го има поддржано развојот на електронскиот систем за јавни набавки и електронскиот систем за даночни сервиси, а е во фаза и на развивање на електронски систем за лекарски рецепти, кој ќе ја контролира потрошувачката на лекови.

Прашањата за правата на приватност при користење на информатичка технологија се споменуваат во разни видови законски акти со кои се регулираат личните податоци и политиката на информации, но практичната примена на принципите за "практики на фер информации" е новост во Македонија. Институциите кои ги спроведуваат законите и институциите кои прибираат лични податоци од граѓаните мора да усвојат и да се придржуваат кон соодветни демократски практики за правото на приватност при користењето на информатичка технологија.

"Довербата претставува критичен елемент за секоја успешна електронска апликација, било да е тоа во областа не е-влада или е-бизнис. Приватноста и безбедноста се клучни елементи за електронска доверба," рече Јеркер Торнгрен, Директор на проектот за е-Влада на УСАИД. "Ние сакаме да постигнеме успех со апликациите развиени од нашиот проект за е-влада и ги почитуваме принципите на приватност во сите наши апликации. Ова е многу битно бидејќи граѓаните нема да ги користат понудените услуги доколку неодговорно се раководи со нивните лични податоци."

ЗАБЕЛЕШКА ДО ИЗДАВАЧОТ:

Од 1993 година, американскиот народ инвестираше во Македонија над 400 милиони долари преку УСАИД. Во моментов се спроведуваат над 30 проекти во вредност од над 35 милиони долари. Овие проекти имаат за цел да ја поддржат транзицијата на Македонија кон пазарна економија и мултиетничко демократско општество. Тие содржат иницијативи за забрзување на економскиот раст, развивање на демократски институции и едуцирање на граѓаните за потребите на модерната економија. УСАИД обезбедува економска и хуманитарна помош во повеќе од 100 земји. За повеќе информации посетете: http://macedonia.usaid.gov.

Работилниците насловени "Право на приватност при користење на информатичка технологија" се организирани од страна на Проектот за е-Влада финансиран од УСИАД, (www.e-Gov.org.mk), во соработка со Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации и Дирекцијата за заштита на лични податоци. Планирано е оддржување на две работилници, за јавниот и приватниот (ИТ фирми и финансиски институции) сектор, со цел да се обезбедат практични и корисни примери од областа на правото на приватност при користењето на информатичка технологија, кои ќе можат да се применуваат од страна на учесниците веднаш по враќањето во своите агенции, министерства, организации и фирми. Теми кои ќе бидат обработени во текот на работилниците се: светската пракса, вклучувајки го и ЕУ законодавството за заштита на лични податоци, приватноста во контекст на е-влада и е-бизнис, релевантното македонско законодавство и интернет и ИТ безбедност.